***З А П И С Н И К***
***од Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 17.01.2023 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Грдаоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 14 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Александра Трајковска, Марина Димитријовска, Јордан Кромидаровски, Даниела Давидевска, Јасмина Јовановска, а отсутни беа советниците Сашо Михајловски, Филип Ангелевски и Валентин Несторoски. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Влатко Станковски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлука за издавање деловен простор под закуп-дел од Дом на култура во с.Слепче сопственост на општина Демир Хисар.

2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство на осум членови на Советот. Предложениот Дневен ред беше усвоен со 8 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за издавање деловен простор под закуп-дел од Дом на култура во с.Слепче сопственост на општина Демир Хисар***

Претсеадтелот на Советот Љупчо Најдовски му даде збор на градоначалникот Никола Најдовски да даде образложение за итноста на седницата. Градоначалникот Никола Најдовски објасни просториите во домот во Слепче, се слободни никој не ги користи. Има заинтерсирани од обласа на текстилната индустрија да почнат да работат. Овие простории се соодветни за тоа, за почеток потребно му е помал простор, во иднина ако има повеќе побарувачка се заинтересирани да прошират и да ги користат и другите простории. За почеток доволно му е просторирата од 90 м2, ќе ги користат и тоалетите другите простории ќе бидат затворени. Општинскиот овластен проценител изготви проценка и согласно законот за процена месечниот износ за закупнина на просторот кој ќе го користат изнесува 160,66 евра околу 10.000 денари. Од направените разговори се согласија за условите, потребно да се донеси одлука со која ќе може да се издаде просторот под закуп. Во одлуката стои дека се издава на физичко лице, но исто така од нивна страна беше објаснето дека сакаат да регистрираат фирма со седиште во Демир Хисар, по донесување на одлуката ќе го направат тоа и договорот ќе се склучи со правното лице. Одлуката му е потребна да ја почнат постапката за регистрација на фирма. Советникот Јордан Кромидаровски праша колку лица би вработиле, понатаму вероватно би ги зеле и другите простории. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за почеток планираат 7 луѓе да вработат, се надеваат да земат работа и да прошират. Ова е за почеток општината не губи ништо напротив објектот ќе се одржува, ќе плаќаат закупнина и што е најважно ќе вработат

луѓе. Договорот ќе биди на две години. Советничката Марина Димитријовска праша бидејќи одлуката е на физичко лице, а договорот се планира да е на правни лице дали туака ќе има некаков проблем. Потоа додаде ова е во ред секое вработување е добро. Раководителот Влатко Станковски објасни во одлуката е наведено дека договорот ќе биди со правно лице основач ќе биди физичкото лице од одлуката. Претсеадтелот на Советот Љупчо Најдовски додаде во одлуката се е јасно напишано. Советничката Јасмина Јовановска праша доколку се јави проблем се надеваме дека ќе е се во ред можи и порано да се раскини договорот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни тоа се ќе се регулира во договорот. Советничката Сандра Пејковска додаде договорот ќе се изготви согласно закон во него ќе се регулира се. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде ова е добро објектите треба да се издаваат, треба да се понудат и другите објекти во Сопотница, во Смилево, во Слепче и Суводол исто женеското одделени кај „Психијатриската болница" можи да се понуди Домот во Журче. Сите овие објекти се во добра состојба, треба да се нудат, така ќе се одржуваат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ние ги нудиме истите ги имаме понудено и преку Агенцијата за привлекување на странски инвестиции исто и индустриската зона е понудена, имаше неколку средсби, исто е укажано дека и администрацијата ќе биде на располагање за соработка. Имаше заинресирано за објектот на поранешна Слобода, тоа не е наша сопственост, но што е донас ќе помогнеме. Сериозни беа инвеститорите, но тоа зависи и од сопствениците. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша што е со „Еуро кан" објектот на поранешна „Застава". Градоначалникот Никола Најдовски објасни дека ги контакирал и нив, но тие имаат проблем со издавањето на лиценците за производство на маслото од канабис тоа е кај сите вакви компании. Дискусијата беше исцрпена. Претседателот на Советот Одлуката ја стави на гласање. Едногласно со 8 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше прашања до Градоначалникот на општина Демир Хисар и тоа до каде е со изградбата на канализацијата во с.Белче, улиците се во многу лоша состојба. Градоначалникот Никола Најдовски објасни канализацијата е започната од предходно, кога започнала постапката предходниот градоначалник потпишал изјава дека до завршување на постгапката ќе ги реши имотноправните работи, но не беше ни почната постпката. Сега има проблем, има луѓе кои не се согласуваат, некои не се тука живеат во странство, некои с епочинати, има и такви кои бараат многу средства, или бараат неразумна размена на парцели. Сега почната е постапката за експропијација согласно законските одредби за објекти од јавен интерес, но за тоа ќе треба време и средства. Претседателот Љупчо Најдовски предложи барем улиците да се санираат, во многу лоша состојба се. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за тоа се разговараше ќе се санираат две улици. Дискусијата беше исцрпена. Повеќе немаше предлози и прашања.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 90/4<br>30.01.2023 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски с.р.